Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 27/16 и 35/18), Управниот одбор на Агенција за вработување на Република Македонија, на ден 22.08.2018 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за вработување на Република Македонија

### Член 1

Во Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за вработување на Република Македонија, бр.02-586/3 од 04.04.2016 година, бр.02-825 од 09.03.2018 година и бр.02-1022 од 03.04.2018 година, во член 11 став 2 точка (2) алинејата 1 се менува и гласи „ - основно или средно образование".

### Член 2

Во Глава III.ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, во дел во дел А.Сектори и одделенија, во Секторот за комуникација, меѓународна соработка и стручно – техничка поддршка, во работното место под реден број 1.Раководител на Сектор за комуникација, меѓународна соработка и стручно-техничка поддршка, во делот Вид на образование зборовите „Правни или економски науки" се заменуваат со зборовите „Правни науки, економски науки или машинство".

Во Секторот за внатрешна ревизија, во работното место под реден број 65.Раководител на одделение за вршење ревизија на законитоста на работата, делот „Посебни услови" и зборовите „Завршена обука и положен испит за овластен внатрешен ревизор во јавен сектор или меѓународно признат ревизорски сертификат „се бришат.

Во дел Б. Подрачни единици-центри за вработување, во работното место под реден број 102.Портир-оператор, во делот Вид на образование зборовите „Средно образование„ се заменуваат со зборовите „Основно или средно образование".

### Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето на огласната табла и на интернет страницата на Агенцијата за вработување на Република Македонија, а ќе се објави по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација и од Владата на Република Македонија.

Бр. 02-2566
22.08.2018 година

АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

Претседател на
Управен одбор,
Миланчо Успрцов